# Годишен Извештај 2021

## МЛАДИНСКА РАБОТА НА „ЗЕЛЕНАТА АГЕНДА“

YMCA.MK



# ОСПОСОБУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ

Можам да кажам дека 2021 започна како година на НЕИЗВЕСНОСТ, втора пандемиска година во која не знаевме што може дополнително да донесе, до кога ќе трае „новото нормално“, кога повторно ќе може да имаме активности со физичко присуство и да работиме на оспособување на младите во за нас добро познатиот динамичен ритам.

Ние сме организација која отсекогаш работела на терен, директно со младите. Гледано од тој аспект пандемијата сериозно влијаеше на нашата организација враќајќи не назад во процесите на организациски развој и поместувајќи го нашиот фокус од добро етаблираните активности за млади. Тоа влијаеше и на одолговлекување на процесот на стратешко планирање. Од финансиски аспект минативе две години ги намаливме сите трошоци и го оптимизиравме буџетот да може да ја поднеси кризата.

Во 2021 учествувавме на повеќе виртуелни НАСТАНИ и конечно, настани со физичко присуство во вториот дел од годината. Работевме на интернационални активности во рамките на Еразмус+ и ЕСЦ програмите, продолживме да придонесуваmeме во националните важни процеси околу признавањето и препознавањето на младинската работа и основањето на првите младински центри во државава согласно законот за младинско учество и политики, работевме на терен на „зелената агенда“ и поттикнување на промени кон одржлив развој преку еко активизам, соработувавме со клучните чинители и мрежи во полето на млади во државава и зедовме учество на најважните интернационални настани во мрежата на ИМКА со нашите соработници и партнери.

Крајот на 2021 ги апсолвиравме предизвиците и согледавме ПОЈАСНИ ПЕРСПЕКТИВИ за правецот на делување. Верувам дека 2022 ќе биде година во која со нов ЕНТУЗИЈАЗАМ ќе ги продолжиме за нас важните процеси, како што се стратешкиот план, подобрување на управувањето на организацијата и возобновување на квалитетна младинска програма за доброто на младите и на заедницата.

БЛАГОДАРИМЕ за соработката и поддршката на сите партнери, соработници и донатори.



Виктор Виктор
/Извршен Директор

# ИМКА ВРЕДНОСТИ



## ГРИЖА
... за себе, за другите и за заедницата.

## ИСКРЕНОСТ
... во она што го кажуваш и правиш.

## ПОЧИТ
... кон себе си, другите и заедницата.

## ОДГОВОРНОСТ
... кон своите ветувања и постапки.

## ХРАБРОСТ
... во соочувањето со предизвиците и водството.

## КРЕАТИВНОСТ
... во нови пристапи за предизвиците.

## ЕНТУЗИЈАЗАМ
... за наоѓање инспирација за правење промени.

# ГОДИШЕН ПРОГРАМСКИ КАЛЕНДАР

| | Програмски активности | Организациски активности |
|---|---|---|
| Јануари | Програма за работници со млади | Форум на Генерални Секретари на ИМКА Е. |
| Февруари | Програма за работници со млади<br>Младински Центри | Работа на проектни апликации |
| Март | Програма за работници со млади<br>Младински Центри | Работа на проектни апликации |
| Април | Праќање ЕСЦ волонтери во Холандија<br>Младински Центри | Годишни извештаи<br>Конференција за генерирање приходи |
| Мај | Обука за Европски Солидарен Корпус НА | Генерално Собрание на ИМКА Европа |
| Јуни | Праќање учесници на младинска размена | Собрание на Коалиција СЕГА<br>Собрание на Сојуз за Млад. Работа |
| Јули | Летни екскурзии во природа | Работа на акредитација за ЕСЦ |
| Август | Локален волонтерски сервис - Мурал | Работа на акредитација за ЕСЦ |
| Септември | Европска Недела на Мобилност<br>Битола вело-град во еден мандат | |
| Октомври | | Работа на акредитација за млади Еразмус+ |
| Ноември | | Работа на акредитација за млади Еразмус+ |
| Декември | | Проектни извештаи |

# НАЈДОБРОТО ОД ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ



**Младински работници**

Успеаа долгогодишните напори на Сојузот за младинска работа да востанови програма за едукација на кадар со звање „младинси работник“, прва од овој тип во нашава држава. Заради пандемиските услови таа се одвиваше онлајн и траеше 4 месеци. Меѓу првите 14 кандидати имаше различни профили, одбрани согласно насоките во Националното портфолио на младински работници. Сите пријавени кандидати за едукацијата покажаа спремност да го помогнат развојот на младите луѓе во различни ситуации и на различни начини во своите матични младински организации каде што работат. ИМКА имаше свои престатвници на оваа едукација со што нашата организација исто така станува една од првите кои имаат младински работници во своите структури согласно регулативите и на Државното Биро за развој на образованието. Повеќе детали за овој процес може да разгледате тука.

---




**Младински центри**

Согласно Законот за младинско учество и младински политики донесен во 2020 година, општините имаат обврска да отворат младински центри. Процедурата за нивно отворање и стандардите на квалитетот се утврдија оваа година. Со поддршка од Агенција за млади и спорт и во соработка со Сојуз за младинска работа четири општини го пилотираа процесот на отворање на младински центри. Со оглед на тоа што еден од овие пилот - градови е Битола, ИМКА е активно вклучена на терен за реализација на оваа цел. Во соработка со уште две други младински организации од Битола ние започнавме со серија активности кон Општината во ова насока. Поопширно за состојбата со ова на крајот од 2021 година може да се слушне тука.

# НАЈДОБРОТО ОД ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ

## Зелена Агенда на терен



„Зелената Агенда" не е само за во стратегиите и политиките на телата на Организацијата на Обединетите Нации и Европската Унија. Неколку години активно поттикнуваме еколошки активизам, а во случајов пред локалните избори за градоначалници со конкретни барања за инвестирање во безбедна и удобна велосипедска и пешачка инфраструктура. Очекувањата од новите градоначалници се да понудат нов сообраќаен концепт со визија за похумани и попријателски градови со фокус на луѓето, а не исклучиво за моторните возила како што е сега. За таа цел беа објавени 10 артикулирани барања кои се важни за нашите градови да станат поодржливи на кои одвоивме време на јавната дискусија со кандидатите за Градоначалник.

## "Битола вело град во еден мандат"



Во рамките на проектот "Европска недела на мобилност" организиравме јавна дискусија со кандидатите за Градоначалник на Битола. Настанот имаше за цел да ги продискутира досегашните предизвици кои доведоа Битола и по толку години да не може да реализира велосипедска инфраструктура како и можни решенија за истите. Кандидатите за Градоначалник имаа можност да ги образложат плановите и стратегиите за изградба на вело инфраструктура и да ги вкрстат аргументите со колегите. Инвестирањето во одржлива алтернативна инфраструктура го сметаме клучен предуслов во насока на градење на еден похуман и побезбеден град со фокус на ранливите категории учесници во сообраќајот.

# НАЈДОБРОТО ОД ПОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ



**Поттикнување на локален волонтерски сервис**

Во рамките на нашите заложби за поддршка на локални иницијативи, активизам и волонтерство спроведовме волонтерска активност – цртање на мурал на високо фреквентен јавен простор како алатка за подигнување на јавната свест за велосипедот како средство за еколошки градски превоз. Работевме заедно со дел од нашите локални волонтери, алумни од националните летни кампови ГЛОУ и ИМЛП. Волонтерски акции се во склоп на соработката со Локалниот Волонтерски Совет.

БИТОЛА НА ТОЧАК

**Неформална иницијатива Битола наТочак**

Неформалната иницијатива Битола наТочак активно ја поддржуваме уште од самите почетоци. Целта на иницијативата е промовирање на точакот како еколошко превозно средство за урбан транспорт. Активностите во главно се однесуваат на подигнување на јавната свест и институциите на акција преку дигитален активизам, споделување на позитивни практики од поразвиените држави, но и оф-лајн, директно преку поднесоци на барања, иницијативи, учество на јавни дискусии и комисии од областа на градски транспорт и инфраструктура.




**Платформа Земи Здив**

Трета година од основањето на локалната платформа за подобрување на амбиенталниот воздух во Битола која на граѓаните им нуди независна хипер-локална мрежа на мерни станици кои на граѓаните и институциите од Битола им овозможија високо квалитетни податоци за загадувањето на воздухот во реално време.

Во 2021 со Земи Здив соработувавме на неколку активности поврзани со имплементација на зелената агенда на терен.

# НАЈДОБРОТО ОД ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ

## Европски Солидарен Корпус и Еразмус+



Учествуваме и на годишниот настан на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност за акредитирани организации за волонтерски активности од програмата Европски Солидарен Корпус и Ознаката за квалитет. Целокупната програма за млади на ЕУ влегува во нова седум годишна фаза на планирање програмски активности за младинските организации низ Европа. Покрај тоа што работевме на изработката на акредитацијата, ги следевме новите упатства и насоки за работа и во новиот онлајн софтвер на ЕУ програмите. Овој настан кој се случи во мај 2021 во Маврово и на кој учествуваа многу младински оранизации од земјава беше доживан како важен настан за најава на следниот период во кој ќе следуваат размена на искуства, идеи и добри практики.



Со оглед на пандемискиот период на намалено меѓународно движење и оваа година трендот на праќање наши млади на размени и волонтирање во ЕУ беше намален т.е. на нивото на претходната година. Соработувавме на неколку Еразмус+ проекти на кои испратиме неколку млади да учат и да се развиваат на тема поврзана со развивање на способностите на младинските работници и неколку млади луѓе на долгорочно волонтрање кај нашите долгогодишни партнери во Холандија, Фондацијата Олде Вехте во склоп на програмата на Европскиот Солидарен Корпус. Истовремено, разгледувавме и можности за соработка со други организации во Холандија во рамките на оваа програма со кои очекуваме веќе наредната година да испраќаме вололонтери и кај нив.

**Годишен настан на Национална Агенција за европски образовни програми и мобилност Македонија, Мај**

ИМКА присуствуваше на годишниот настан за акредитирани организации за волонтерски активности од програмата Еразмус+ и Ознака за квалитет од Европски солидарен корпус за да се ажурира во врска со најновите регулативи и правила следниот 7 годишен период од оваа европска институција.

**Европски Волонтерски Корпус**
**Долгорочни волонтери, Холандија**

Во рамките на можностите на Европскиот Волонтерски Корпус, испративме три млади на дологорочно волонтирање кај нашите долгогодишни партнери во Холандија, Олде Вехте. Таму тие ја учеа холандската култура, да работат заедно во тим, како група и да споделуваат заднички одговорности.

**Еразмус+ Тренинг Курс "Play the way"**
**Чотебар, Чешка**

Тројца млади од Македонија учествуваа на обука во Чешка фокусирана на гејмификација и нејзината важност во образованието. Учесниците откриваа како да го направат учењето забавно и пријатно за нив, но и за другите.

# Марија Стојановска, Скопје

## Активност: Еразмус+ Тренинг Курс "Play the way"



Уште од првиот ден целата група се чувствуваше поврзана на длабоко ниво и се чувствуваше како никој да нема двоумење да учествува во дискусии, во шеги, игри и раскажување приказни. Сите игри беа многу креативни и предизвикувачки. Овој тренинг примарно беше наменет за младински работници и ни послужи да научиме и да се подновиме со знаења поврзани со методите на гејмификација или процесот на претворање на учењето во форма на игра. На тој начин, самата материја која се учи станува позабавна како за нас самите, така и за оние за кои е наменета. Тренингот беше исполнет со корисни вежби и можност за споделување на искуства, а исто така и стекнавме доста нови интернационални пријателства.



Настанот се одржа 3-9.12.2021 година во прекрасна куќа наречена Чата Дубравка на 3 км од Чотебор, Чешка. Домаќин на проектот беше организцијата INspire, z.s. од Чешка. Покрај Младинска асоцијација ИМКА имаше уште 8 партнерски организации од Чешка, Македонија, Грција, Романија, Полска, Грузија, Латвија, Литванија, Шпанија и Бугарија, а возраста на учесниците беше 18-30 години.

# НАЈДОБРОТО ОД ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ АКТИВНОСТИ




**Форум на Национални Генерални Секретари на ИМКА Европа**

На него виртуелно присуствуваа 33 учесници претставувајќи од повеќе од 25 национални ИМКА организации. Како што ИМКА Европа ја обликува својата стратешка насока, состанокот беше белег во процесот за усвојување на нова Стратегија за следниот период со клучните насоки како што се наведени: Релевантност, Застапеност, Партнерства и Издржливост и важно да се напомене, усогласена со Светската ИМКА стратегија.




**Генерално Собрание на ИМКА Европа**

Присуство од преку 70 делегати кои претставуваа 32 национални движења. Новиот стратешки план на ИМКА Европа (2021-2026) беше формално усвоен. Претседателката Ема Осмундсен во својата порака до делегатите се осврна на изминатите шест месеци и задачите развиени од страна на Извршниот комитет. ИМКА Европа продолжи да ги прилагодува своите процедури и алатки со цел да ги постигне целите поставени на минатото Генерално Собрание. Повеќе детали за стратегијата може да видите тука.




**Конференција за генерирање приходи**

ИМКА Европа организираше конференција со фокус на методите и можностите за генерирање приходи. Над 50 учесници од различни локални и национални ИМКА организации се регистрираа и ги следеа инпутите од 7 говорници и презентери кои ја споделија својата визија и најдобри практики. Главните цели на Конференцијата беа да се развие капацитетот за генерирање приход и прибирање средства во реалниот социјално-економски контекст, да се запознае со стратегиите за генерирање приход за ИМКА на локално, национално и меѓународно ниво, споделување на најдобрите практики и создавање мрежа на експерти во оваа област. Повеќе детали за овој настан тука.

**Иницијатива за Западен Балкан на ИМКА**






Последнава декада ИМКА организациите во Западен Балкан се развиваа со несмален капацитет и стигнаа до ниво да нудат квалитетни програмски активности за младите во регионов. Но последниве 2 години со пандемијата од Ковид-19 ни покажаа една поинаква реалност и повеќе или помалку извадија одредени аномалии и недостатоци во функционирањето на организациите.

Иако до некаде во слични или различни нивоа на организациски развој и контекст на делување, ИМКА организациите од Албанија, Косово, Македонија и Србија во пролет 2021 почнавме со заеднички онлајн состаноци со цел разговарање на новата нормалност која ни се наметна и дискутирање по однос на организациските проблеми со кои се соочуваме во моментов. Па така, како клучни области во кои треба да се зајакнеме во следниот период се областите на добро управување, управувачки структури, работа на активности на проектна основа, зависност од грантови, слаба одржливост на проектите, слаба координација на регионално ниво и спремност за настап со заеднички ЕУ проекти на поголеми проектни апликации.

Во неколку заеднички состаноци покрај тоа што ги согледавме предизвиците и полињата во кои треба да делуваме исто така работевме на припрема на заеднички проектни апликации и при што поднесовме две. Иницијативата продолжува со несмалена динамика и во 2022 во која се надеваме дека со намалувањето на притисокот од пандемијата ќе можеме конечно да имаме и состаноци со физичко присуство.

# ИМКА
# ГОДИШЕН БУЏЕТ

## Годишни приходи




| | |
|---|---|
| **Грантови и донации**<br>Општина Битола, Проекти од Еразмус+ и Европски Солидарен Корпус, Фонданција Олде Вехте | |
| **Други приходи**<br>Субвенции АВРМ, м2 програма за субвенционирање на работно место | |
| **Резервен фонд**<br>Кумулативни годишни резерви | |
| **Позитивно салдо од 2020**<br>Средства за програмски активности | |

# ИМКА
# ГОДИШЕН БУЏЕТ

## Годишни расходи




**Материјали, опрема, одржување**
Канцеларија, режиски трошоци,

**Други материјални расходи**
Банкарски провизии, членарини, интелектуални услуги (сметководствени, правни...)

**Персонал и волонтери**
Плати, придонеси и волонтерски надомести

**Резервен фонд**
Кумулативни годишни резерви

**Позитивно салдо за 2022**
Средства за програмски активности

*Само со давање можете да добиете повеќе отколку што веќе имате*

- Џим Рон

# МОЖНОСТ ЗА ПОДДРШКА

## Зошто ИМКА има потреба од поддршка

Програмите за младински развој и активностите нудат уникатни искуства за развој на младите од Македонија секоја година со мал трошок за учесникот. Обезбедување на оваа прекрасна услуга бара одржлива финансиска основа и затоа ИМКА соработува со фондации, агенции, компании и поединци да ни се придружат во оспособувањето на младите низ Македонија со донирање на парични придонеси.

## Што добивате од поддршката

Финансиската поддршка на програмите за младински развој на ИМКА е добра за Вас како институција, како компанија или како поединец! Давањето е одличен начин да ја покажете Вашата корпоративна/социјална одговорност зголемувајќи ја препознатливоста на вашата компанија, за градење верност меѓу Вашите сегашни клиенти, пристап до нови клиенти и да креирате повеќе можности за младите од Македонија.

## Поддршка во минатото сме имале од:

**Институции** (ИМКА Европа, Мировниот Корпус, Амбасадата на САД, Националната Агенција за Европски Образовни Програми и Мобилност, Европскиот Фонд за демократија, ФООМ, Општини, Хорус и др.); **Компании** (Алкалоид, БиМилк, Еурофарм, ЕВН,, Кромберг и Шуберт, Мермерен Комбинат, ОКТА, Пекабеско, Рудник САСА, ТАВ Аеродроми, Тинекс, ТТК банка, Витаминка, Здравје Радово, Жикол и др.) и бројни поединци.

# За нас:

**Основање:** Мај, 2002 година

**Управен одбор:**
Моника Ангелоска-Дичовска - Претседател
Благојче Количоски - член
Александар Георгиев - член

**Извршна канцеларија:**
Виктор Илиев, Извршен директор
Јовче Крстески, Програмски Координатор





**Контакт**

**Адреса:**
Генерал Васко Карангелевски РЕМО
1/3/42
7000 Битола

**Канцелариска Адреса:**
Белградска, бр.27
7000 Битола

**Телефон:**
+389 70 59 43 41

**Е-маил:**
contact@ymca.mk


YMCA BITOLA

@YMCA.MKD